CL 51 EXPRESS 1-K

Хидроизолациски премаз

approved according to ETAG 022

Брзосушечки, флексибилен хидроизолациски премаз Тестиран според EN 14891 класа DMP само за внатрешни простори

КАРАКТЕРИСТИКИ

- Подготвен за употреба
- Водонепропусен
- Лесно и брзо користење
- За внатрешна употреба на ѕид и под
- Ги премостува пукнатините
- Без разредувачи
- Погоден за нанесување со четка, ваљак и глетарка
- За простори кои не се под постојан воден притисок

ОБЛАСТ НА ПРИМЕНА

За заптивање brisi под керамички плочки во влажни и мокри услови како на пр. бањи, тушеви, кујни и јавни тоалети. Во случај на подни конструкции со изолациски слој, Ceresit CL 51 се нанесува директно на слојот за прераспределување на товарот. Исто така е погоден за употреба на системи за подно греење. Ceresit CL 51 не е погоден за употреба на базени, т.е. подлоги што се под постојано влијание на вода, стари керамички плочки, асфалтен бетон и обоени површини. Ceresit CL 51 се нанесува неразреден со помош на четка, мохер ваљак или спреј. Два премази со вкупна дебелина од 1 мм до максимум 1,5 мм се неопходни за да се создаде заштитен водоотпорен слој. Веќе по 2 часа од нанесувањето на вториот слој (во зависност од условите за инсталација), површината е подготвена за понатамошна употреба, на пр. со Ceresit CM 17 флексибилно лепило. Споевите и рабовите мора да бидат обезбедени со лента за заптивање Ceresit CL 152. Заптивната лента се нанесува на првиот слој и се премачкува со вториот слој.

ПОДГОТОВКА НА ПОДЛОГАТА

Ceresit CL 51 се врзува за сите цврсти, носиви, стабилни и чисти подлоги, кои се подготвени за поставување керамика и исчистени од супстанции што влијаат на врзувањето (на пр. средства за ослободување, честички, прашина, нечистотија). Користете четка за да отстраните прашкаста нечистотија и премачкајте ја подлогата со основен премаз Ceresit CT 17, Ceresit CT 19 или разреден Ceresit CN 94. Слоевите од боја мора да се отстранат. Горната површина мора да биде доволно рамна и без пукнатини. Ceresit CL 51 е погоден за употреба на малтер, бетон, цигли, цементни кошулки, суви подлоги изработени од плочи од цементни влакна, како и на ѕидови од гипс, гипс картон плочи, гипсани плочи од влакна, плочи од гипс, гипсани глет маси, OSB плочи, гас бетон и на сендвич панели со исполна од пена (XPS. PU) со цементен премаз.

Во случај на подлога на калциум сулфат (механички зацврстени, исчистени од нечистотии и премачкани со основен премаз Ceresit CT 17), анхидритни подлоги и маса за израмнување на база на гипс, содржината на влага мора да биде < 0,5% по тежина.

Во случај на подлога на база на калциум сулфат (механички зацврстени, исчистени од нечистотија и премачкани со основен премаз Ceresit CT 17), анхидрантни подлоги и гипсани израмнувачки маси, содржината на влага мора да биде <0,5% тежински.

Со малтер од гипс, содржината на влага мора да биде <1% по тежина. Гипс малтерот мора да биде доволно стабилен и да има носива подлога. Просечната дебелина на слојот од малтер да биде 15 мм. Не е дозволен слој на малтер од 10 мм и помалку. Малтерисаната површина не смее да биде мазна, туку треба да е рапава. Пенетрација на влагата од подлогата, на пр. од страна на надворешните ѕидови, не смее да се случи. По нанесувањето на заптивната смеса, деформациите на површината мора да се сведат на минимум. Критични подлоги, на пр. премази од боја мора да бидат третирани со основен премаз Ceresit CN 94 или Ceresit CT 19. Во овие случаи, придржувајте се до инструкциите од техничките листови за CN 94/CT 19.

НАЧИН НА УПОТРЕБА

Ceresit CL 51 се нанесува неразреден со помош на четка, мохер ваљак или спреј. Два премази се неопходни за да се создаде затегнат водоотпорен слој. Вториот слој може да се нанесе по 1 час од примената на првиот слој. Споевите и рабовите мора да бидат прицврстени со лента за заптивање Ceresit CL 152 и премачкани уште еднаш. По приближно 2 часа (во зависност од условите за нанесувањето), плочките можат да се постават со употреба на лепак Ceresit CM 16, Ceresit CM 17, Ceresit CM 12 PLUS БЕЛ, Ceresit CM 12 Express, Ceresit CM 22 или Ceresit CM 49. Аголни споеви, влезови за цевки, одводи и агли во простории мора да бидат осигурани со еластична хидроизолациска трака Ceresit CL 152 и елементи за надворешни и внатрешни агли Ceresit CL 86 и Ceresit CL 87. Траката се поставува врз првиот слој на хидроизолациска маса, а потоа се покрива со вториот слој.

ВАЖНИ ИНФОРМАЦИИ

Користете го Ceresit CL 51 само на температура на воздухот и подлогата од + 5°C до + 30°C. Сите податоци дадени овде се добиени при температура. од + 23°C и релативна влажност од 50%. Влагата од другата страна и изложеноста на хемикалии мора целосно да се спречи. Надворешните површини мора да имаат пад од најмалку 2,5% и да немаат вдлабнатини. Имајте на ум дека во зависност од временските услови, сушењето и зацврстувањето може да биде побрзо или побавно. Содржи биоциден производ: конзерванс 1,2-бензизотиазол-3(2H)-он; изотиазолин смеса 3:1(CIT/MIT).
Овие карактеристики се засноваат на практично искуство и тестирана примена. Условите на теренот и условите за апликација може да се разликуваат од оние дадени овде, така што правилната и успешна примена на нашите производи е надвор од наше влијание. Ако постои причина за сомневање, производот прво треба да биде соодветно тестиран за да се осигура дека производот е погоден за употреба во дадените услови.

РОК НА ТРАЕЊЕ И СКЛАДИРАЊЕ

До 12 месеци на суво и ладно место.

ПАКУВАЊЕ

Канта од 5 kg и 15 kg.

Покрај информациите дадени во овој технички лист, важно е да се придржувате до релевантните упатства и правила на различни организации и компании, како и важечки домашни стандарди. Овие карактеристики се засноваат на нашето професионално знаење и искуство. Соодветни својства и употреби што не се наведени во овој лист, бараат наша писмена потврда. Сите информации се дадени во однос на температурата на воздухот и материјалот од + 20°C и 60% релативна влажност, освен ако не е специфично одредено. Имајте во предвид дека во случај на различни климатски услови, стврднувањето може да се забрза или забави.

Дадените информации, особено препораките за ракување со нашите производи и нивната примена, се засноваат на нашето стручно знаење и искуство. Бидејќи материјалите и условите може да се разликуваат во секоја наменета апликација и затоа немаме влијание врз нив, препорачуваме во секој случај да се направат соодветни тестови за да се провери соодветноста на нашите производи за наменетата примена и употреба. Ниту една правна одговорност не може да се прифати врз основ на содржината на овој технички лист или усните совети, освен ако не постојат докази за нашата намера или сериозна негрижа. Овој технички лист ги заменува сите претходни.

ТЕХНИЧКИ ПОДАТОЦИ

Состав:	модифицирана дисперзирана синтетичка смола
Боја:	бетон сива
Густина:	1,4 kg/l
Конзистенција:	паста
Време сушења првог слоја:	2 часа
Време сушења другог слоја:	4 часа
Спремно за постављање плочица:	отприлике 4 часа наконд другог слоја
Температура рада:	+5°C do +30°C
Дебљина хидроизолациски слоја са наносом од 1,4 kg/m²:	oko 1 mm
Потрошња у два слоја:	мин 1,1 kg/m²
Отпорност на воду:	непропустан
Могућност попуњавања пукотина:	≥ 0,75 mm
VOC (Директива 2004/42/EC/2):	A(h) везујући прајмери), VOC макс: 30 g/l. Овај производ садржи: 2g/l.

CE

1488
20

Произведувач: Henkel Polska Operations Sp. z o.o.
ul. Domaniewska 41
02-672 Warszawa

Ceresit CL 51

01605

ETAG 022:2007; ETA 20/0694 z 23/09/2020

Водонепропусен премаз за хидроизолација на ѕидови и подови во простории со присуство на влага

Реакција на оган	E, Ef
Паропропусност	Sd = 4,3 m μ = 4312
Способност за премостување пукнатини	Категорија 2 (0,75 mm)
Сила на адхезија на бетонски плочи	Категорија 2 (≥ 0,5 MPa)
Способност за поврзување	Категорија 2
Водоотпорност околу продор	Категорија 2: водонепропустан
Температурна отпорност	Категорија 2 (≥ 0,5 MPa)
Водоодбивност	Категорија 2 (≥ 0,5 MPa)
Алкална отпорност	Категорија 2 (≥ 0,5 MPa)
Дебелина	1,0 mm = 1,43 kg (mm x m²)

Документи достапни на: www.henkel-dop.com

This document was created and digitally signed by Henkel at 2025-06-30T17:33:30.518Z